**Упатство за пациентот: Информации за пациентот**

**Дескари, филм обложена таблета 500mg**
микронизирани флавоноиди, кои содржат диосмин 90% и други флавоноиди изразени како хесперидин 10%

**Внимателно прочитајте го цело упатство пред да започнете да го земате лекот, бидејќи содржи важни информации за вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, поставете ги на вашиот лекар или фармацевт.
- Ако забележите несакани дејства, консултирајте се со вашиот лекар или фармацевт. Тука се вклучени сите можни несакани дејства коишто не се наведени во ова упатство. Видете го делот 4.
- Ако не се чувствувате подобро или се чувствувате полошо по 6 недели третман за хронично заболување на вените или по 7 дена третман за акутен напад на хемороиди, мора да се јавите кај вашиот лекар.

**Што содржи ова упатство**

1. Што е Дескари и за што се користи
2. Што треба да знаете пред да употребите Дескари
3. Како се употребува Дескари
4. Можни несакани дејства
5. Како се чува Дескари
6. Содржина на пакувањето и други информации

**Производител**

1. Kern Pharma, S.L., Venus, 72 – Pol. Ind. Colón II, 08228 Terrassa – Барселона, Шпанија
2. Mylan Hungary Kft, Mylan utca 1, 2900 Комаром, Унгарија

**Носител на одобрението за ставање во промет**
МАКЕДОНИЈАЛЕК доо, ул. Боца Иванова бр.1, Скопје, Р. Македонија

## 1. Што е Дескари и за што се користи

Лекот Дескари содржи активни супстанции кои влијаат на активноста на вените и ги штитат вените; тие го зголемуваат венскиот тонус и отпорноста на капиларите. Лекот Дескари ја намалува појавата на едем и има антиинфламаторно дејство.

Лекот Дескари е индициран за возрасни како:

- Терапија на знаци и симптоми на хронична венска инсуфициенција, како што се болка, чувство на тежина, ноќни грчеви, едем и трофични промени на долните екстремитети.
- Симптоматска терапија на акутна хемороидна болест, како што се болка, крварење и оток во аналниот регион.

## 2. Што треба да знаете пред да употребите Дескари

**Не земајте Дескари**

- ако сте алергични на диосмин и други флавоноиди изразени како хесперидин или на некоја од помошните супстанци на овој лек (наведени во дел 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
Разговарајте со вашиот лекар или фармацевт пред да земете Дескари.

*Хронична венска инсуфициенција*
Ако вашата состојба се влоши за време на третманот, што може да се манифестира како воспаление на кожата или вените, стврднување на ткивото под кожата, силна болка, чиреви на кожата или атипични симптоми како што се нагло отекување на едната или двете нозе, веднаш посетете лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Терапијата со Дескари е најкорисна кога е придружена со урамнотежен начин на живот:

- треба да се избегнува изложување на сонце и долго стоење,
- треба да се одржува соодветна телесна тежина,
- носењето специјални чорапи може да ја подобри циркулацијата кај некои пациенти.

Дескари нема да помогне да се намали отокот на долните екстремитети ако отокот е предизвикан од срцева, бубрежна или хепатална инсуфициенција.

*Акутна хемороидна болест*

Ако имате акутен напад на хемороиди, можете да земате Дескари само ограничен временски период од 15 дена. Ако симптомите не престанат во овој период, контактирајте го вашиот лекар.

Ако вашата состојба се влоши за време на третманот, т.е. ако забележите зголемено ректално крварење, крв во столицата или се сомневате на крварење на хемороидите контактирајте со вашиот лекар.

Третманот со Дескари не е замена за специфичен третман на други анални нарушувања.

**Деца и адолесценти**
Не се препорачува за употреба кај деца и адолесценти под 18 години.

**Посебни популации**
Не се спроведени студии за дозирање кај пациенти со бубрежно и/или хепатално оштетување или кај постари лица.

**Останати лекови и Дескари**
Досега не се забележани интеракции помеѓу Дескари и други лекови. Кажете му на вашиот лекар или фармацевт ако земате, неодамна сте земале или може да земате други лекови.

**Земање Дескари со храна и пијалок**
Се препорачува да се зема Дескари за време на оброк.

**Бременост и доење**
Безбедноста на употребата на лекот Дескари за време на бременост и доење не е утврдена.
Затоа, неговата употреба во овие периоди не се препорачува. Ако сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате да забремените, контактирајте со вашиот лекар или фармацевт.

**Возење и ракување со машини**
Дескари нема или има занемарливо влијание врз способноста за возење и ракување со машини.

**Дескари содржи натриум**
Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) по таблета, што значи дека во суштина е „без натриум“.

## 3. Како се употребува Дескари

Секогаш земајте го лекот точно како што ви рекол лекарот или фармацевтот. Проверете со лекарот или фармацевтот ако не сте сигурни.

Препорачаната доза за возрасни е:

- **Хронична венска инсуфициенција**

Препорачаната доза е 2 таблети дневно, кои може да се земаат одеднаш или во 2 посебни дози. Мора да го земате овој лек најмалку 4 до 5 недели пред да се очекува какво било подобрување. Доколку симптомите на вашата болест се влошуваат или не се подобруваат по шест недели од третманот, треба да се консултирате се со вашиот лекар.
Само-лекувањето без консултација со лекар може да трае 3 месеци. Сепак, можете да продолжите да го земате Дескари подолг временски период доколку вашиот лекар утврди дека не ви треба друг специфичен третман.

• **Акутна хемороидна болест**

Препорачаната доза во првите 4 дена од терапијата е 6 таблети на ден. Во текот на следните 3 дена, препорачаната доза е 2 таблети два пати на ден (4 таблети на ден). Потоа следи третман на одржување, кога препорачаната доза е 1 таблета два пати на ден.

Ако симптомите не се подобрат или се влошат по 7 дена од третманот, консултирајте се со вашиот лекар. Само-лекувањето со Дескари може да трае 15 дена; доколку симптомите не поминат во овој период, треба да се консултирате со вашиот лекар.

**Начин на примена**

Дескари е наменет за орална употреба

Дескари треба да го земате со оброк.

Проголтајте ги таблетите со малку течност.

**Ако земете повеќе Дескари отколку што треба**

Доколку сте зеле повеќе Дескари отколку што треба, веднаш информирајте го вашиот лекар или фармацевт.

Досега нема пријавени случаи на предозирање со Дескари.

**Ако заборавите да земете Дескари**

Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

Доколку имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, контактирајте со вашиот лекар или фармацевт.

## 4. Можни несакани дејства

Како и сите лекови, и овој лек може да предизвика несакани дејства, иако не се појавуваат кај сите.

**Чести несакани ефекти** (може да се појават кај најмногу 1 од 10 пациенти кои го земаат лекот):

- Дијареа, лошо варење, гадење (чувство на гадење), повраќање.

**Невообичаени несакани ефекти** (може да се појават кај најмногу 1 од 100 пациенти кои го земаат лекот):

- Колитис (воспаление на дебелото црево).

**Ретки несакани ефекти** (може да се појават кај најмногу 1 од 1000 пациенти кои го земаат лекот):

- Главоболка, малаксаност (чувство на слабост), вртоглавица,
- Осип, чешање, уртикарија

**Непознати** (не може да се процени од достапните податоци):

- Болки во стомакот,
- Едем (оток на лицето, усните или очните капаци), особено ангиоедем (ненадеен оток на ткивата како што се лицето, усните, јазикот или грлото, што може да предизвика отежнато дишење).

**Пријавување на несаканите дејства**

Доколку се појави било какво несакано дејство, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт. Овде спаѓаат сите можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство. Исто така, несаканите дејства може да ги пријавите и директно преку Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/. Со пријавувањето на несаканите дејства ќе помогнете да се обезбедат повеќе информации за безбедноста на овој лек.

## 5. Како се чува Дескари

Чувајте го лекот подалеку од поглед и дофат на деца.

Лекот не бара посебни услови за чување.

Не користете го овој лек по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на картонското пакување и на блистер пакувањето по EXP.
Датумот на истекување се однесува на последниот ден од тој месец.

Не фрлајте лекови во канализациската отпадна вода или во отпадот од домаќинството. Консултирајте се со вашиот фармацевт околу тоа како да ги отстраните лековите што веќе не ги користите. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

## 6. Содржина на пакувањето и други информации

**Што содржи Дескари**

-Активната супстанција е микронизирана фракција на флавоноиди, која содржи диосмин 90% и други флавоноиди изразени како хесперидин 10%. Една филм таблета содржи 500 mg микронизирани флавоноиди, што одговара на 450 mg диосмин и 50 mg други флавоноиди изразени како хесперидин.

-Помошни супстанции се:

Јадро на филм таблета: Желатин, Натриум скроб гликолат (тип А), Целулоза, микрокристална, талк, Магнезиум стеарат

Обвивка на филм таблета: Натриум лаурил сулфат, Хипромелоза (Е 464), Глицерол (Е442), Титаниум диоксид (Е171), Железо оксид, жолт (Е172), Железо оксид, црвен (Е172),Макрогол 6000, Магнезиум стеарат (Е 470б)

**Како изгледа Дескари и што содржи пакувањето**

Розево-портокалова, долгнавеста филм-обложена таблета со поделена линија на едната страна. Линијата на поделба служи само за да го олесни кршењето и потпомогне при голтањето на лекот, а не да го дели на еднакви делови
Таблетите се паковани во алуминиум/PVC блистер.Надворешното пакување е склопувачка картонска кутија која содржи 3 блистери со по 10 филм-обложени таблети (вкупно 30 филм-обложени таблети) и упатство за употреба.

**Начин на издавање:**
Лекот се издава во аптека без лекарски рецепт (БР)

**Датум на последна ревизија на упатството:**
Ноември 2024

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**